# Записник од 27-тата Седница на Совет на Општина Берово

Одделение за правни и општи работи

Одделение за правни и општи работи
Општина Берово

**З А П И С Н И К**

***Од 27-тата редовна седница на Советот на Општина Берово одржана на ден 19.12.2019 година во салата за состаноци на Општина Берово со почеток во 9:05 часот.***

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Берово, Јован Матеничарски.

Од вкупно 15 Советници на седницата присуствуваа 15 Советници и тоа: Јован Матеничарски, Славица Фурнаџиска, Предраг Монев, Драган Мустачки, Гоце Ружински, Даниела Кржовска, Благица Русковска, Фахрудин Мустафов, Емилија Пачемска, Јован Ковачовски, Герасим Гриовски, Горан Фидански Влатко Буровски и Александар Чамовски и Јованка Василевска Петрушева.

На седницата присуствуваа Градоначалникот на Општина Берово, Звонко Пекевски раководителот на одделението за општи и правни работи Анита Рунтевски, Раководителот на Одделението за човечки ресурси Емилија Ваканска и Соработникот за односи со јавност во Одделение за јавни дејности Биљана Каламадевска, а беше повикан да даде образложение на одредени точки и Раководителот на Одделението за урбанизам во Општина Берово, Мишо Догазански.

Претседателот на Совет на Општина Берово, Јован Матеничарски, за работа на 27-та Седница на Совет го предложи следниот:

**ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записник од 26-тата Седница на Совет на Општина Берово;

2. Предлог О Д Л У К А за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2019 година;

3. Предлог О Д Л У К А за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги од Буџетот на Општина Берово за 2020 година;

4. Предлог ПРАВИЛНИК за спроведување постапка за субвенционирање на трошоци за комунални услуги;

5. Предлог О Д Л У К А за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово;

6. Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на Општина Берово за 2020 година;

7. Предлог ПРАВИЛНИК за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете;

8. Предлог – ПРОГРАМА за работа на Територијалната противпожарна единица за 2020 година;

9. Г1 Предлог Програма за подршка на локалниот економски развој на општина Берово за 2020 година;

10. Г2 Предлог Програма за активностите на Општина Берово за 2020 година во областа на туризмот;

11. Предлог Програма за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2020 година;

12. Предлог Програма за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2020 година;

13. Предлог Програма за активностите на Општина Берово во областа на комуникациите, односите со јавноста и меѓународната соработка за 2020 година;

14. Предлог Програма за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2020 година;

15. Предлог Програма за развој на спорт и спортско рекреативни активности на Општина Берово за 2020 година;

16. ИЗВЕШТАЈ за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Берово во 2019 година;

17. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за Зимско одржување на локални патишта и улици на територија на Општина Берово со оперативен план 2019/2020 год.;

18. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за заштита од штетно дејство на водите за 2020 год.;

19. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово за 2020 год.;

20. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Берово за 2020 год.;

21. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Берово за 2020 год.;

22. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести, за 2020 год.;

23. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување на територијата на општина Берово за 2020 год.;

24. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за комунални дејности за Општина Берово за 2020 год.;

25. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Берово за 2020 год.;

26. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња на територијата на општина Берово за 2020 год.;

27. Предлог програма за изработка на урбанистички планови за 2020 год. на подрачјето на општина Берово;

28. Предлог програма за располагање со градежно земјиште 2020 год. на општина Берово;

29. ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 102, КО Берово - Димовски Илчо Берово;

30. ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 3566, КО Берово - Ѓеринска Јонка Берово;

31. ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 4499 и 4515, КО Берово в.г. - Даутовски Драган Скопје;

32. ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 5849/2, КО Берово в.г. - Благица Русковска Берово;

33. ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 3887 и 3888, КО Владимирово - Чаушевски Венко Владимирово;

34. Предлог ОДЛУКА за давање во сопственост и владение, користење и одржување на Канализација на отпадни води за населба “Мило” Берово, на ЈПКР Услуга Берово;

35. Образец за развоен План на установата за деца ОЈУДГ “23 Август” Берово за период од 2020 – 2022 година;

36. Годишна Програма за работа на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица “Д-р Иван Влашки” Берово за 2020 година;

37. Одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на Директорот на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица “Д-р Иван Влашки” Берово за 2019 година;

38. Барања од институции и граѓани;

39. Советнички иницијативи и прашања

Претседателот на Совет на Општина Берово, отвори расправа по предложениот дневен ред, истакна дека точка 16 се повлекува од дневен ред од причина што не се доставени материјали за истата. Бидејќи никој не се јави за збор, стави на гласање точка 16 да биде симната од дневниот ред и со 15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема воздржани Советници е усвоен предлогот точка 16 да биде симната од дневен ред. Потоа го даде целокупниот дневен ред на гласање и со 15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ,

нема ВОЗДРЖАНИ Советници, за работа на 27-тата Седница на Совет на Општина Берово е усвоен следниот :

Дневен ред

1. Усвојување на Записник од 26-тата Седница на Совет на Општина Берово;

2. Предлог О Д Л У К А за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2019 година;

3. Предлог О Д Л У К А за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги од Буџетот на Општина Берово за 2020 година;

4. Предлог ПРАВИЛНИК за спроведување постапка за субвенционирање на трошоци за комунални услуги;

5. Предлог О Д Л У К А за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово;

6. Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на Општина Берово за 2020 година;

7. Предлог ПРАВИЛНИК за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете;

8. Предлог – ПРОГРАМА за работа на Територијалната противпожарна единица за 2020 година;

9. Г1 Предлог Програма за поддршка на локалниот економски развој на општина Берово за 2020 година;

10. Г2 Предлог Програма за активностите на Општина Берово за 2020 година во областа на туризмот;

11. Предлог Програма за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2020 година;

12. Предлог Програма за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2020 година;

13. Предлог Програма за активностите на Општина Берово во областа на комуникациите, односите со јавноста и меѓународната соработка за 2020 година;

14. Предлог Програма за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2020 година;

15. Предлог Програма за развој на спорт и спортско рекреативни активности на Општина Берово за 2020 година;

16. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за Зимско одржување на локални патишта и улици на територија на Општина Берово со оперативен план 2019/2020 год.;

17. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за заштита од штетно дејство на водите за 2020 год.;

18. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово за 2020 год.;

19. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Берово за 2020 год.;

20. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Берово за 2020 год.;

21. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести, за 2020 год.;

22. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување на територијата на општина Берово за 2020 год.;

23. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за комунални дејности за Општина Берово за 2020 год.;

24. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Берово за 2020 год.;

25. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња на територијата на општина Берово за 2020 год.;

26. Предлог програма за изработка на урбанистички планови за 2020 год. на подрачјето на општина Берово;

27. Предлог програма за располагање со градежно земјиште 2020 год. на општина Берово;

28. ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 102, КО Берово - Димовски Илчо Берово;

29. ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 3566, КО Берово - Ѓеринска Јонка Берово;

30. ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 4499 и 4515, КО Берово в.г. - Даутовски Драган Скопје;

31. ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 5849/2, КО Берово в.г. - Благица Русковска Берово;

32. ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 3887 и 3888, КО Владимирово - Чаушевски Венко Владимирово;

33. Предлог ОДЛУКА за давање во сопственост и владение, користење и одржување на Канализација на отпадни води за населба "Мило" Берово, на ЈПКР Услуга Берово;

34. Образец за развоен План на установата за деца ОЈУДГ “23 Август” Берово за период од 2020 – 2022 година;

35. Годишна Програма за работа на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица “Д-р Иван Влашки” Берово за 2020 година;

36. Одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на Директорот на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица “Д-р Иван Влашки” Берово за 2019 година;

37. Барања од институции и граѓани;

38. Советнички иницијативи и прашања

1. ***Усвојување на Записник од 26-тата Седница на Совет на Општина Берово;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Никој не се јави за дискусија. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** е усвоен *Записник од 27-тата Седница на Совет на Општина Берово.*

2. ***Предлог О Д Л У К А за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2019 година;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. За збор се јави Градоначалникот Звонко Пекевски, кој истакна дека пренамената на средства е потребно да може да се изврши плаќање, бидејќи има средства на ниво на ставка, меѓутоа немаме на ниво на подставка. Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** е усвоена *О Д Л У К А за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2019 година.*

3. ***Предлог О Д Л У К А за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги од Буџетот на Општина Берово за 2020 година;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Раководителот на Одделението за општи и правни работи, Анита Рунтевски истакна дека оваа одлука е заради усогласување со новиот закон за социјална заштита. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** е усвоена *О Д Л У К А за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги од Буџетот на Општина Берово за 2020 година.*

4. ***Предлог ПРАВИЛНИК за спроведување постапка за субвенционирање на трошоци за комунални услуги;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Никој не се јави за дискусија, претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници**

е усвоен *ПРАВИЛНИК за спроведување постапка за субвенционирање на трошоци за комунални услуги.*

5. ***Предлог О Д Л У К А за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. За збор се јави Градоначалникот Звонко Пекевски, кој истакна дека согласно Законот за основно образование, должни сме оваа одлука да ја донесеме. Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** е усвоена *О Д Л У К А за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово.*

6. ***Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на Општина Берово за 2020 година;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред, самиот предложи за Претседател на комисија да биде Советничката Славица Фурнаџиска, членови Гоце Ружински и Драган Мустачки. Претседателот го стави на гласање сопствениот предлог и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** е усвоен предлогот на Претседателот на Совет, Славица Фурнаџиска, Гоце Ружински и Драган Мустачки, да бидат членови на Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на Општина Берово.

7. ***Предлог ПРАВИЛНИК за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Раководителот на одделението за човечки ресурси, Емилија Ваканска, истакна дека има промена на средствата од 3000 на 5000 денари и во член. 7 е потребна промена дека ќе се применува од 01.01.2020 година. Пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** е усвоен *ПРАВИЛНИК за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете.*

8. ***Предлог – ПРОГРАМА за работа на Територијалната противпожарна единица за 2020 година;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. За збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска, која истакна дека програмата од претходна седница е вратена на доработка, за усогласување на финансискиот дел со Буџетот. Пристапено е кон гласање и со со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** е усвоена *ПРОГРАМА за работа на Територијалната противпожарна единица за 2020 година.*

9. ***Г1 Предлог Програма за подршка на локалниот економски развој на општина Берово за 2020 година;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. За збор се јави Советничката Јованка Василевска Петрушева, која истакна дека програмата е разгледана на комисија и комисијата нема забелешка и предлага да се усвои. Пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** е усвоена *Програма за подршка на локалниот економски развој на општина Берово за 2020 година.*

10. ***Г2 Предлог Програма за активностите на Општина Берово за 2020 година во областа на туризмот;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. За збор се јави Советничката Јованка Василевска Петрушева, која истакна дека програмата е разгледана на комисија и комисијата нема забелешка и предлага да се усвои. Пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** е усвоена *Програма за активностите на Општина Берово за 2020 година во областа на туризмот.*

11. ***Предлог Програма за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2020 година;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. За збор се јави Советничката Јованка Василевска Петрушева, која истакна дека програмата е разгледана на комисија, образложена е има пофалби во однос на споредбените резултати и комисијата нема забелешка и предлага да се усвои. Пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** е усвоена *Програма за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2020 година.*

12. ***Предлог Програма за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2020 година;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. За збор се јави Советничката Јованка Василевска Петрушева, која истакна дека програмата е разгледана на комисија, образложена е има нови работи и комисијата нема забелешка и предлага да се усвои. Пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** е усвоена *Програма за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2020 година.*

13. ***Предлог Програма за активностите на Општина Берово во областа на комуникациите, односите со јавноста и меѓународната соработка за 2020 година;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. За збор се јави Советничката Јованка Василевска Петрушева, која истакна дека програмата е разгледана на комисија, образложена е , и комисијата нема забелешка и предлага да се усвои. За збор се јави и Советничката Славица Фурнаџиска која истакна дека во програмата има ставено средства во износ од 750.000,00 денари за набавка на аудио визуелна опрама за пренос на Седниците на Совет во живо, кое нешто ќе биде реализирано со средства од УНДП. Пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** е усвоена *Програма за активностите на Општина Берово во областа на комуникациите, односите со јавноста и меѓународната соработка за 2020 година.*

14. ***Предлог Програма за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2020 година;***

` Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. За збор се јави Градоначалникот на Општина Берово, кој предложи изработувачот на програмата Биљана Каламадевска да ги образложи ставките во програмата. Од страна на Службеникот Биљана Каламадевска е појаснето дека согласно новиот закон за социјална заштита, се децентрализираат социјалните услуги и во програмата се ставени средства со следниот распоред :

- 1.800.000,00 денари за пројавен интерес при МТСП за обезбедување на услови за продолжен престој на лицата со телесна или ментална попреченост
- 1.800.000,00 денари за пројавен интерес при МТСП за обезбедување на сервисни услуги во домот преку ОЈУСЗСЛ„Д-р Иван Влашки " на стари лица над 65 години
- 200.000,00 денари како субвенција за секое прваче на територијата на Општина Берово по 2000 денари на почетокот на учебната година
- 200.000,00 денари, како субвенција за секој ученик во прва година средно образование, кој своето образование ќе го продолжи во ОСУ „Ацо Русковски" во Берово
- 60.000,00 денари за стипендија за талентирани ученици од во ОСУ „Ацо Русковски" од учебната 2020/2021 година и
- 500.000,00 денари за субвенционирање на половина од топол оброк за стари лица над 65 години .

По образложението за збор се јави Советничката Емилија Пачемска, која истакна дека во програмата како корисници на услугите е потребно да се стави и жртви на семејно насилство, кое нешто е прифатено од страна на советниците. Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници,** отсутен од гласање е Советникот Горан Фидански е усвоена *Програма за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2020 година*.

***15. Предлог Програма за развој на спорт и спортско рекреативни активности на Општина Берово за 2020 година;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. За збор се јави Советничката Јованка Василевска Петрушева, која истакна дека програмата е разгледана на комисија, образложена е , и комисијата нема забелешка и предлага да се усвои. За збор се јави и Советничката Славица Фурнаџиска која предлага во ставка 2, да се додадат уште 30.000, 00 денари и вкупната сума за истите да се промени. За збор се јавува и советникот Предраг Монев, кој прашува дали функционира Малеш, на што Претседателот на Совет му одговара дека оваа година средствата за Малеш се зголемени од причина што немаат друго финансирање. Со со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници,** отсутен од гласање е Советникот Горан Фидански е усвоен предлогот на Советничката Славица Фурнаџиска. Потоа Претседателот ја стави на гласање програмата со измените и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници,** отсутен од гласање е Советникот Горан Фидански е усвоена *Програма за развој на спорт и спортско рекреативни активности на Општина Берово за 2020 година.*

***16. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за Зимско одржување на локални патишта и улици на територија на Општина Берово со оперативен план 2019/2020 год.;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред, самиот предложи во програмата да се стави и влезот во с. Ратево , по реакција од граѓани. Предлогот е ставен на гласање и истиот е усвоен со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници,** отсутен од гласање е Советникот Горан Фидански. Потоа Претседателот ја стави на гласање програмата со измените и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници,** отсутен од гласање е Советникот Горан Фидански, е усвоена ПРОГРАМА за Зимско одржување на локални патишта и улици на територија на Општина Берово со оперативен план 2019/2020 год.

***17. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за заштита од штетно дејство на водите за 2020 год.;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред, истиот истакна дека е разгледана на комисија и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници,** отсутен од гласање е Советникот Горан Фидански, е усвоена *ПРОГРАМА за заштита од штетно дејство на водите за 2020 год*.

***18. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово за 2020 год.;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. За збор се јави Советничката Емилија Пачемска кој даде сугестија да се стави за реконструкција улицата кај Кафтански мост. Заклучено е дека е потребен проект. Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници,** отсутен од гласање е Советникот Горан Фидански, е усвоена *ПРОГРАМА за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово за 2020 год.*

***19. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Берово за 2020 год.;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред, истиот истакнува дека на комисија е разговарано со Раководителот на Одделението за урбанизам, дали средствата од оваа програма имаа некое ограничување и дали мора да бидат толку по што добил одговор дека од 2005 година не се променети и не се високи, доколку се јави некој поголем инвеститор, има можност со одлука на Совет да бидат намалени. Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници,** отсутен од гласање е Советникот Горан Фидански е усвоена *ПРОГРАМА за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Берово за 2020 год.*

***20. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Берово за 2020 год.;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Никој не се јави за дискусија. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** отсутен од гласање е Советникот Горан Фидански е усвоена *ПРОГРАМА за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Берово за 2020 год.*

***21. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести, за 2020 год.;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Никој не се јави за дискусија. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** отсутен од гласање е Советникот Горан Фидански е усвоена *ПРОГРАМА за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести, за 2020 год*.

***22. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување на територијата на општина Берово за 2020 год.;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Никој не се јави за дискусија. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници**

отсутен од гласање е Советникот Горан Фидански е усвоена *ПРОГРАМА за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување на територијата на општина Берово за 2020 год.*

23. ***ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за комунални дејности за Општина Берово за 2020 год.;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Никој не се јави за дискусија. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** отсутен од гласање е Советникот Горан Фидански е усвоена *ПРОГРАМА за комунални дејности за Општина Берово за 2020 год.*

24. ***ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Берово за 2020 год.;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Никој не се јави за дискусија. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** отсутен од гласање е Советникот Горан Фидански е усвоена *ПРОГРАМА за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Берово за 2020 год.*

25. ***ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња на територијата на општина Берово за 2020 год.;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Следува дискусија за решавање на проблемот со моменталниот стационар на Здружение ПРО АНИМА, за што е донесен заклучок, да се закаже посебен состанок и по истото да се расправа. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** отсутен од гласање е Советникот Горан Фидански е усвоена *ПРОГРАМА за третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња на територијата на општина Берово за 2020 год.*

26. ***Предлог програма за изработка на урбанистички планови за 2020 год. на подрачјето на општина Берово;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. За консултација е повикан Раководителот на Одделението за урбанизам, Мишо Догазански кој појаснува дека малата измена во програмата се однесува на објектите кои се наоѓаат на границата на урбанистичкиот опфат. Советникот Мустачки поставува прашање дали може да се реши проблемот во урбанистички план со граѓаните кои не можат да извршат приватизација на своето земјиште бидејќи таму е предвидена улица која никогаш нема да б иде релизирана, на што Догазански му одговара дека согласно закон не може да биде проектирана улица потесна од 7 метри и дека над 200 метри улица мора да има окретница за автобус. Предлог програмата со дополнувањата е ставена на гласање и со **13 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** отсутни од гласање се Советниците Горан Фидански и Благица Русковска е усвоена *Програма за изработка на урбанистички планови за 2020 год. на подрачјето на општина Берово.*

27. ***Предлог програма за располагање со градежно земјиште 2020 год. на општина Берово;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Никој не се јави за дискусија. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **13 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** отсутни од гласање се Советниците Горан Фидански и Благица Русковска е усвоена *Програма за располагање со градежно земјиште 2020 год. на општина Берово*.

28. ***ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 102, КО Берово - Димовски Илчо Берово;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Никој не се јави за дискусија. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **13 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** отсутни од гласање се Советниците Горан Фидански и Благица Русковска е усвоена *ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 102, КО Берово - Димовски Илчо Берово*.

29. ***ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 3566, КО Берово - Ѓеринска Јонка Берово;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Никој не се јави за дискусија. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **13 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** отсутни од гласање се Советниците Горан Фидански и Благица Русковска е усвоена *ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 3566, КО Берово - Ѓеринска Јонка Берово.*

30. ***ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 4499 и 4515, КО Берово в.г. - Даутовски Драган Скопје;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Никој не се јави за дискусија. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **13 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** отсутни од гласање се Советниците Горан Фидански и Благица Русковска е усвоена *ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 4499 и 4515, КО Берово в.г. - Даутовски Драган Скопје.*

31. ***ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 5849/2, КО Берово в.г. - Благица Русковска Берово;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Никој не се јави за дискусија. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **13 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** отсутни од гласање се Советниците Горан Фидански и Благица Русковска е усвоена *ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 5849/2, КО Берово в.г. - Благица Русковска Берово.*

32. ***ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 3887 и 3888, КО Владимирово - Чаушевски Венко Владимирово;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Никој не се јави за дискусија. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **13 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** отсутни од гласање се Советниците Горан Фидански и Благица Русковска е усвоена *ОДЛУКА за Усогласување за легализација за КП 3887 и 3888, КО Владимирово - Чаушевски Венко Владимирово.*

**33.** ***Предлог ОДЛУКА за давање во сопственост и владение, користење и одржување на Канализација на отпадни води за населба "Мило" Берово, на ЈПКР Услуга Берово;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Никој не се јави за дискусија. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **13 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** отсутни од гласање се Советниците Горан Фидански и Благица Русковска е усвоена *Предлог ОДЛУКА за давање во сопственост и владение, користење и одржување на Канализација на отпадни води за населба "Мило" Берово, на ЈПКР Услуга Берово.*

**34.** ***Образец за развоен План на установата за деца ОЈУДГ "23 Август" Берово за период од 2020 – 2022 година;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Никој не се јави за дискусија. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** отсутен од гласање е Советниикот Горан Фидански е усвоен *Образец за развоен План на установата за деца ОЈУДГ "23 Август" Берово за период од 2020 – 2022 година.*

**35.** ***Годишна Програма за работа на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-р Иван Влашки" Берово за 2020 година;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. За збор се јави Советничката Јованка Василевска Петрушева, која истакна дека програмата е разгледана на комисија, образложена е , и комисијата нема забелешка и предлага да се усвои. Никој друг не се јави за дискусија. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** отсутен од гласање е Советниикот Горан Фидански е усвоена *Програма за работа на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-р Иван Влашки" Берово за 2020 година.*

**36.** ***Одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на Директорот на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-р Иван Влашки" Берово за 2019 година;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. Никој не се јави за дискусија. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА воздржани Советници** отсутен од гласање е Советниикот Горан Фидански е усвоена *Одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на Директорот на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-р Иван Влашки" Берово за 2019 година.*

**37.** ***Барања од институции и граѓани;***

- На барање од Берово Транс Советот донесе заклучок дека го  го прифаќа мислењето на службите при Општина Берово, и истото го доставува до подносителот на Барањето, за негово запознавање
- На барање од сопственици на викендици од туристичка населба Абланица, Советот донесе заклучок,  Советот ги задолжува Одделението за комунални дејности и заштита

на животна средина и Одделението за урбанизам, при Општина Берово, да направат извештај, каде поминува трасата на која се поставени арматури за улично осветлување и да го достават за наредна седница на Совет, како би можел Советот да донесе одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за улично осветлување, за сопствениците на викендиците каде нема улично осветлување.

- По барање од одборот на црква Св. Параскева, советот донесе заклучок Советот стои на располагање, да го даде на времено користење наведениот инвентар, меѓутоа истото треба да се направи, со донесување одлука, по точка на дневен ред.Советот донесе заклучок за наредна седица на Совет, службите при Општина Берово, за подготват одлука, за времено користење на кујнска маса од росвајт и садопер од росвајт.

***38.Советнички иницијативи и прашања***

- Советникот Драган Мустачки упатува Советничко прашање до Градоначалникот на општина Берово, Зошто предлог одлука по донесената иницијатива, односно заклучок од Советот на Општина Берово, сеуште не е ставена на дневен ред и кога истата ќе биде ставена, имајќи ги во предвид императивните подзаконски одреди во Деловникот за работа на Советот на Општина Берово?
- Советникот Драган Мустачки упатува Советничко прашање до Градоначалникот на општина Берово, колку средства се потрошени за патни и дневни расходи на Градоначалникот на Општина Берово за периодот од 01.01.2019 година до 30.11.2019 година?
- Советничката Благица Русковска покренува иницијатива во однос на депонијата која што се наоѓа во приватен имот во дворот на Даница Коколанска да се достави до Меѓуопштински центар за социјална работа, надлежните да превземат мерки, бидејќи за кратко време по расчистувањето, на истото место повторно се создава депонија.

Дневниот ред беше исцрпен , Седницата заврши во 10:40 часот

Усвоен со
Бр.____________
______________ година
Берово

*Записничар,*
*Биљана Каламадевска*
_________________
(*потпис)*

М.П.

*Претседател на Совет,*
*Јован Матеничарски*
________________
*(потпис)*